**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 68 став 1 точка 4 од Законот за банките ("Службен весник на РМ" бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Одлуката за сигурноста на информативниот систем на банката
## ("Сл. весник на РМ" бр. 78/2008)

I. Во Одлуката за сигурноста на информативниот систем на банката ("Сл. весник на РМ" бр. 31/2008), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во глава **V. Друштво за помошни услуги на банката за информативен систем** во точка 24 после ставот 1 се додаваат нови ставови 2 и 3 кои гласат:

"Друштвото од став 1 од оваа точка задолжително треба да поседува сертификат согласно со меѓународниот стандард ISO/IEC 20000.

Банка која има намера да склучи договор со друштвото од став 1 од оваа точка треба да ги исполнува најмалку следните критериуми:

а) Да поседува заштитена копија на податоците од базите на податоци за работењето во последните три години. Заштитената копија треба физички да се чува на локациите наведени во потточка б) и потточка в) од оваа точка. Банката треба да врши ажурирање на заштитената копија на податоците во согласност со Политиката од точка 5 од оваа Одлука, а најмалку еднаш на секои 24 часа;

б) Да поседува најмалку еден функционален информативен систем лоциран на територијата на Република Македонија кој ќе ги има најмалку следните потсистеми:

- работа со население,
- сметководство,
- платен промет во земјата и странство, и
- останати потсистеми за операциите кои согласно точка 15 од оваа Одлука се оценети како критични за континуитет во работењето;

в) Да поседува и дополнителен автономен информативен систем лоциран во Република Македонија доколку друштвото од став 1 од оваа точка е лоцирано во странство. Дополнителниот автономен информативен систем треба да биде на адекватна оддалеченост од системот наведен во потточка б) од овој став. Овој дополнителен информативен систем треба да поседува соодветни потсистеми преку кои ќе може да се креираат ажурни извештаи за потребите на органите на банката, за известувања до Народната банка, како и за други органи или институции согласно со прописите во Република Македонија."

2. Во глава **VI. Преодни и завршни одредби** во точка 32 после ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

"Друштвото од точка 24 од оваа Одлука кое заклучно со 31.12.2008 година има склучено договор со банка е должно да се усогласи со одредбата од точка 24 став 2 од оваа Одлука заклучно со 01.01.2010 година."

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**О.бр. 02-15/VII-2/2008**
**26 јуни 2008 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**